Гласен Текстилец
ул. Ванчо Прќе бр. 125, локал 9, 2000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

Glasen Tekstilec
St. Vancho Prke, no. 125, local 9, 2000 Shtip
info@glasentekstilec.mk
www.glasentekstilec.mk

# БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ

**за конгресна сала и ручек/кетеринг за „Текстилијада 10“**

Здружението за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ – Штип прибира понуди од хотели и други регистрирани угостителски објекти за обезбедување конгресна сала и ручек/кетеринг за настаните во рамки на „Текстилијада 10“ на 2 и 3 октомври 2026 година во Штип.

## 1. КОНГРЕСНА САЛА

- Капацитет за над 60 гости/учесници по настан.
- Салата задолжително да биде климатизирана, проветрена, чиста и уредна.
- Конференциско поставување со соодветен број столови и маси.
- Простор/маса за панелисти, говорници и модератор
- Стабилна Wi-Fi интернет конекција и пристап до електрична енергија.
- Можност за поставување roll-up банери, промотивни материјали и маса за регистрација.

## 2. ТЕРМИНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА САЛАТА

| Датум | Термин | Настан | Капацитет |
|---|---|---|---|
| 02.10.2026 | 10:30–13:00 | Меѓународна конференција „10 години низ очите на пријателите“ | над 60 лица |
| 02.10.2026 | 18:30–20:30 | „10 години за работничките права: Пријателска дискусија“ | над 80 лица |
| 03.10.2026 | 11:00–13:00 | Презентација на Методологијата за пресметка на плата за живот | над 60 лица |

## 3. РУЧЕК / КЕТЕРИНГ

- Ручек/кетеринг за над 60 лица на 2 октомври 2026 година, по завршување на дневната конференциска сесија (околу 13:00 часот).
- Свечен кетеринг за над 80 лица на 2 октомври 2026 година, во текот на настанот (околу 18:30 часот).
- Ручек/кетеринг за над 60 лица на 3 октомври 2026 година, по завршување на презентацијата (околу 13:00 часот).
- Во понудата задолжително да се наведе цена по лице.
- Менито да вклучува главно јадење, прилог или салата, леб и вода/безалкохолен пијалак.
- Да се понуди и вегетаријанска/посна опција, како и можност за приспособување за посебни прехранбени потреби.
- Вода да биде обезбедена за учесниците и за време на конференциските сесии.
- Доколку понудувачот нуди кафе-пауза, истата да биде наведена како посебна ставка со цена по лице.

## 4. ФИНАНСИСКА ПОНУДА

- цена за наем на конгресна сала по термин/настан;
- цена по лице за ручек/кетеринг;
- цена по лице за кафе-пауза, доколку се нуди;
- вкупен износ без ДДВ, ДДВ и вкупен износ со ДДВ.

## 5. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Понудата треба да содржи: податоци за понудувачот, опис и капацитет на салата, расположлива техничка опрема, предлог мени и финансиска понуда.

**Рок за доставување на понуди:** 11.09.2026 година.

Гласен Текстилец
ул. Ванчо Прќе бр. 125, локал 9, 2000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

Glasen Tekstilec
St. Vancho Prke, no. 125, local 9, 2000 Shtip
info@glasentekstilec.mk
www.glasentekstilec.mk

**E-mail за доставување:** blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk

**Предмет:** „Понуда за конгресна сала и кетеринг за Текстилијада 10"

**Дополнителни информации**: 075316108, секој работен ден од 10 до 14 часот.

*Забелешка: Конечниот број на учесници ќе биде навремено потврден од „Гласен Текстилец", но понудувачот мора да располага со сала и угостителски капацитет за над 60 лица по настан. Можна е резервација на сместување.*

**Здружение „Гласен Текстилец" – Штип**

**Благојче Дишоски**